USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА КОРУПЦИЈА НА ВИСОКО НИВО:

## ПОМЕЃУ ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС И ЗАРОБЕНИТЕ МЕДИУМИ

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА КОРУПЦИЈА НА ВИСОКО НИВО:

## ПОМЕЃУ ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС И ЗАРОБЕНИТЕ МЕДИУМИ

ТМ
ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА КОРУПЦИЈА НА ВИСОКО НИВО:
Помеѓу јавниот интерес и заробените медиуми

**Издавачи:**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Транспаретност Македонија (ТМ)

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор, МЦМС
Ана Јаневска Делева, извршен директор, ТМ

**Автори:**
Борјан Ѓузелов
Ангел Арнаудов

**Лектура:**
Даниел Медароски

**Дизајн:**
Кома

**ИСБН: 978-608-4681-52-6**

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
**Контакт:**
МЦМС, **адреса:** ул. Никола Парапунов бр. 41а
пошт. фах 55, 1060 Скопје;
**тел.:** +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298
**е-пошта:** mcms@mcms. mk; веб-страница: www.mcms.mk.
**Scribd:** http://www.scribd.com/people/documents/2996697
**SlideShare:** http://www.slideshare.net/mcms_mk
**Facebook:** http://www.facebook.com/mcms.mk
**Twitter:** http://twitter. com/mcms_mk

Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка.

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата единствено за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

Публикацијата е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција. Содржината на публикацијата е одговорност на авторите Ангел Арнаудов и Борјан Ѓузелов и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ........ 5
ВОВЕД ........ 6
МЕТОДОЛОГИЈА ........ 9
Избор на случаи ........ 9
Параметри за следење ........ 10
Тек на истражувањето ........ 11
АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ НАОДИ ........ 13
Квантитативни наоди ........ 13
Квалитативни наоди ........ 16
ПОЕДИНЕЧНА АНАЛИЗА ПО ВЕСНИЦИ ........ 18
ЗАКЛУЧОЦИ ........ 22
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 24
ПРОФИЛ НА АВТОРИТЕ ........ 26

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Квалитетното, навремено и етичко известување за корупцијата во највисоките кругови на власта е врвен јавен интерес. За да се утврди дали македонските медиуми го заштитуваат ваквиот јавен интерес беше следен начинот на кој печатените медиуми во текот на 2015 година известуваа за прес-конференциите на кои опозицијата, преку презентираните телефонски разговори, обвинуваше за корупција и злоупотреба на службената положба кај највисоките носители на власта. Во приказот е анализирано дали, колку и како печатените медиуми ја информираа јавноста за ваквите сериозни индиции за постоење корупција од највисоко ниво. За потребите на истражувањето, анализирани се повеќе квантитативни и квалитативни параметри за следење на медиумската содржина, а предмет на анализа се пет дневни весници на македонски јазик.

Се забележува дека постојат значајни разлики во застапеноста на објавите во различни весници кои се придружени со селективност при известувањето на одредени прес-конференции. Исто така, кај два весници забележително е непочитување на основните стандарди за професионално и етичко известување. Ваквите наоди укажуваат дека одредени медиуми наместо да го штитат јавниот интерес и професионално да известуваат за сомневањата за корупција од највисок ранг, со своето селективно и непрофесионално известување, го занемариле јавниот интерес и недоволно ја информирале јавноста. Таквата уредувачка политика, освен што е спротивна на јавниот интерес, укажува и на одредени ризици од корупција во самите медиуми.

**Постојат значајни разлики во застапеноста на објавите во различни весници кои се придружени со селективност при известувањето на одредени прес-конференции. Наодите укажуваат дека одредени медиуми наместо да го штитат јавниот интерес и професионално да известуваат за сомневањата за корупција од највисок ранг, со своето селективно и непрофесионално известување, го занемариле јавниот интерес и недоволно ја информирале јавноста.**

# ВОВЕД

Известувањето на медиумите за корупција во највисоките кругови на власта е еден од најдобрите показатели за слободата на медиумите, односно за нивното професионално и непристрасно работење во име на јавниот интерес.

Во демократските општества медиумите играат клучна улога во формирањето на јавното мислење. Квалитетот на претставничката демократија зависи директно од квалитетот на медиумското известување, бидејќи граѓаните во најголема мера своите политички одлуки ги носат врз база на информациите од медиумите. Затоа постоењето информирана јавност е врвен јавен интерес и притоа новинарската професија има морална обврска да му служи на јавниот интерес (Barkin, 2002 во Гоцевски, Илиевска, 2015).

Известувањето на медиумите за корупција во највисоките кругови на власта е еден од најдобрите показатели за слободата на медиумите, односно за нивното професионално и непристрасно работење во име на јавниот интерес. Притоа, односот помеѓу медиумите и корупцијата, дефинирана во својата најширока форма како „злоупотреба на јавната функција за приватни цели“ (Rose-Ackerman, 2008), може да биде разгледуван од две перспективи.

Од една страна медиумите преку својата информативна функција може да служат како „куче чувар“ на јавниот интерес и да влијаат превентивно, односно да ги ограничат можностите за корупција. Во литературата е забележано дека слободата на печатот кореспондира со пониски нивоа на корупција (Camaj, 2012; Ahrend, 2002; Brunetti и Weder, 2003; Chowdhury, 2004), како и дека владите се поотчетни во средини богати со информации (Besley и Burgess, 2002). Конечно, масовните медиуми покрај тоа што преку своето информирање можат да ја подигаат јавната свест за корупцијата, имаат потенцијал да им помагат на истражните органи во откривање на корупцијата (Stapenhurst, 2000).

Од друга страна корупцијата може да влијае врз медиумите и тие наместо средство за заштита на јавниот интерес, може да бидат злоупотребени за заштита на поединечните интереси на нивните сопственици, како и за прикривање случаи на корупција на високо ниво. Случаите на корупција на високо ниво се секогаш многу чувствителни бидејќи вклучуваат актери со многу моќ и ресурси кои често пати директно или индиректно се поврзани со медиумите (Karklins 2002, 2005, Mungiu-Pippidi 2006). Оттука, евентуалното неизвестување за случаи на корупција или пак пристрасно и нецелосно известување може да укажува на постоење „заробени медиуми“ (captive media) чијашто главна цел не е да ја инфомираат јавноста, туку да им служат на своите сопственици кои тргувајки со своето медиумско влијание си обезбедуваат политички и економски придобивки (Mungiu-Pippidi, 2013). Ваквите случаи се карактеристични во средини каде што има многу повеќе медиуми отколку што тоа реално го овозможува медиумскиот пазар при што истите не може да бидат профитабилни и самоодржливи. Ваквите медиуми се спонзорирани од своите сопственици што креира специфичен модел на зависност при што нивната уредувачката политика се води од интересот на сопствениците, а не од јавниот интерес (Mungiu-Pippidi, 2013).

Изминатите неколку години во Македонија слободата на медиумите е сериозно загрозена. Во извештаите на Европската комисија забележано е дека земјата сериозно назадува (2015) и дека „постои недостаток на независно информирање и на објективни информации достапни до јавноста“ (2014), додека во извештаите на Фридом хаус македонските медиуми се окарактеризирани како „делумно слободни“, бидејќи најголем дел се врзани со одредени политички и бизнис-интереси кои влијаат врз нивната содржина (2015). Токму сопственичка структура и владините реклами се идентификувани како два клучни столба на корупцијата во македонските медиуми (Апостолов, 2015). Како резултат на ова, не е за изненадување и забележителниот

**Неизвестување за случаи на корупција или пак пристрасно и нецелосно известување може да укажува на постоење „заробени медиуми“ (captive media) чијашто главна цел не е да ја инфомираат јавноста, туку да им служат на своите сопственици кои тргувајки со своето медиумско влијание си обезбедуваат политички и економски придобивки.**

пад од 80 места на Македонија на Индексот за слободата на изразување на „Репортери без граници“ каде што сега Македонија е најлошо рангирана од сите земји во Европа и регионот, односно се наоѓа на 117 место од 180 држави (2015).

Притоа се наметнува прашањето дали македонските медиуми го штитат јавниот интерес, односно интересот на јавноста да биде квалитетно и навремено информирана или пак штитат други, поединечни интереси кои се спротивни на јавниот интерес. За да се придонесе кон одговор на ова прашање ќе биде анализиран начинот на кој медиумите известуваат за сомневања за постоење корупција во највисоките ешалони на власта. Имено, евентуалното неизвестување, прикривање, односно непрофесионално известување за наводите на корупција, освен што е спротивно на јавниот интерес, може и да укажува на одредени ризици на корупција во самите медиуми. Оттука, следењето на квалитетот на известувањето (или пак неизвестувањето) на медиумите за наводите на корупција на високо ниво може значајно да придонесе кон откривање одредени корупциски ризици во самите медиуми.

**Овој приказ анализира дали, колку и како печатените медиуми ја информираа јавноста за прес-конференциите на опозицијата во коишто беа презентирани сериозни индиции за корупција.**

За таа цел беше следен начинот на кој печатените медиуми во текот на 2015 година известуваа за прес-конференциите на опозицијата на коишто беа објавувани нелегално прислушувани разговори, од чијашто содржина можеа да се забележат повеќе наводи за корупција и злоупотреба на службената положба помеѓу највисоките носители на власта. Поконкретно, овој приказ ќе анализира **дали, колку и како** печатените медиуми ја информираа јавноста за прес-конференциите на опозицијата во коишто беа презентирани сериозни индиции за корупција. Очекувано е ваквата анализа да обезбеди основна слика и споредба за известувањето за наводите за корупција од највисоко ниво, со цел да ја подвлече важноста на професионалното и непристрасно известување во име на јавниот интерес.

# МЕТОДОЛОГИЈА

За да се дојде до одговор за тоа **дали, колку и како** печатените медиуми ја информираа јавноста за прес-конференциите, каде што опозицијата обвинуваше за постоење корупција во врвот на власта, беше употребена квантитативна и квалитативна анализа на содржината на медиумите. Предмет на оваа анализа беа пет дневни весници на македонски јазик: Дневник, Утрински весник, Нова Македонија, Вечер и Слободен печат. При изборот на весници беа земени предвид различните уредувачки политики, со цел да бидат опфатени повеќе различни перспективи во известувањето.

## ИЗБОР НА СЛУЧАИ

Беше следено известувањето за вкупно 10 прес-конференции на коишто опозицијата ги објавуваше таканаречените „бомби". При изборот на овие 10 прес-конференции од вкупната бројка од 38 прес-конференции, беа земени предвид случаите каде што опозицијата најизразено обвинуваше за корупција, нарушување на уставната поделба на власта, злоупотреба на службената должност и државните институции за партиски цели, нарушување на изборниот процес, како и злоупотреба на јавните набавки. Беа земени предвид ионие случаи каде што според опозицијата постоеја наводи за корумпирање на медиумите.

Поконкретно беа избрани следните 10 прес-конференции: Бомба 1: Докази за прислушкување, Скопје, 09.02.2015; Бомба 7: Изборни измами, Скопје, 06.03.2015; Бомба 8: Универзална сала - изборни измами, Скопје, 10.03.2015; Бомба 9: Општина Центар, Скопје на 12.03.2015; Бомба 12: Правосудство, Скопје, 19.03.2015; Бомба 14: Тендери за автопат, Скопје, 26.03.2015; Бомба 15: Опрема за прислушкување, Скопје 01.04.2015, Бомба 21: Охрид, Охрид, 16.4.2015; Бомба 24: Врски со медиумите, Скопје, 22.04.2015; Бомба 25: Случај Визарис и Сопот, Велес,

Беше следено известувањето за вкупно 10 прес-конференции на коишто опозицијата ги објавуваше таканаречените „бомби". Беа земени предвид случаите каде што опозицијата најизразено обвинуваше за корупција, нарушување на уставната поделба на власта, злоупотреба на службената должност и државните институции за партиски цели, нарушување на изборниот процес, како и злоупотреба на јавните набавки.

За утврдување на квантитативните параметри појдовна точка беше методологијата на ОБСЕ/ОДИХР. При утврдување на квалитативните показатели, како појдовна точка беше земен Кодексот на новинарите на Македонија.

23.04.2015. За следење на прес-конференциите се користеше базата на Балканската мрежа за истражувачко новинарство (БИРН), каде што на едно место се достапни сите прес-конференции заедно со содржината на објавените разговори.

## ПАРАМЕТРИ ЗА СЛЕДЕЊЕ

За потребите на истражувањето беа утврдени повеќе квантитативни и квалитативни параметри за следење на медиумската содржина поврзана со прес-конференциите на опозицијата.

За утврдување на квантитативните параметри појдовна точка беше методологијата на ОБСЕ/ОДИХР за квантитативно следење на начинот на којшто медиумите известуваат во време на изборен циклус[1]. Квантитативните параметри беа употребени за да се утврди застапеноста на вестите поврзани со селектираните прес-конференциите на опозицијата. Преку овие показатели се мереше бројот на објави, застапеноста на фотографии, позицијата на објавите, како и просторот одвоен за ваквите објави во однос на целиот весник.

При утврдување на квалитативните показатели, како појдовна точка беше земен Кодексот на новинарите на Македонија на Здружението на новинарите на Македонија, а се изврши консултација и со „Насоките за професионално известување“ на Би Би Си[2]. Квалитативните показатели беа употребени за да се утврди почитувањето на минимумот стандарди за професионално и етичко известување. За утврдување на овие минимум стандарди како појдовна точка беа земени основните начела од Кодексот на новинарите на Македонија: обезбедување точни и проверени информации (член 1), избегнување говор на омраза и поттикнување насилство (член 10), јасно разграничување помеѓу факти и мислења, односно помеѓу вест и коментар (член 13), како и непристрасност при известувањето (член 14).

Особено внимание во подготовката на анализата беше посветено на утврдување на евентуалната пристрасност во известу-

1 Повеќе на: Handbook on Media Monitoring for Election Observation Missions. http://www.osce.org/odihr/92057?download=true

2 Повеќе на: BBC Editorial Guidelines.http://www.bbc.co.uk/editorialguidelines/

вањето. За да се избегне можната субјективност при кодирањето на податоците, авторите се водеа од насоките на Би Би Си каде што непристрасното известување е дефинирано како известување кое обезбедува „еднаква тежина на настаните, мислењата и главните насоки на аргументот“. Непристрасноста подразбира и дека пристапот и тонот на известувањето треба да обезбедат широк спектар на различни погледи и перспективи на кои ќе им биде посветено доволно внимание и значење. Постоењето јасна разлика помеѓу мислењата и фактите е основен предуслов за непристрасност во известувањето. Како резултат на тоа евентуалната пристрасност во известувањето беше утврдувана во следните случаи: при непостоење разлика меѓу факти и мислења, при презентирање на мислења од самоеден извор, при невистинито известување, односно во случаите кога новинарскиот коментар не е издржан со аргументи и во случаите кога насловот или фотографијата се манипулативни.

Во анализата не беа вклучени колумните и стриповите кои се однесуваат на прес-конференциите на опозицијата бидејќи истите беа сметани како субјективно мислење на авторите кое не мора нужно да подлежи врз истите новинарски стандарди за етичко известување кои се предмет на оваа анализа.

## ТЕК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Откако беа одредени параметрите по кои ќе се оценува начинот на известуваање, беше направена специфична база на податоци во која беа впишувани кодирани вредности за споменатите квантитативни и квалитативни параметри. За анализа беа користени печатените изданија од дневните весници кои беа анализирани во библиотеката на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) во периодот од 11.01.2016 до 23.01.2016 година.

Како појдовна точка за одредување кои од изданијата од дневните весници ќе бидат предмет на анализа беа земени датумите

Непристрасноста подразбира и дека пристапот и тонот на известувањето треба да обезбедат широк спектар на различни погледи и перспективи на кои ќе им биде посветено доволно внимание и значење. Постењето јасна разлика помеѓу мислењата и фактите е основен предуслов за непристрасност во известувањето.

на селектираните прес-конференции на опозицијата. Притоа, беа селектирани изданијата објавени во следните три дена по секоја од десетте прес-конференици. Исклучок од ова правило беа викендите кога се објавува едно саботно издание за два дена и во тој случај беа следени објавите во две последователни изданија. Во случаите кога во едно издание имаше информации за две прес-конференции заради блискоста на датумите, внесот на податоци беше правен одделно за секоја прес-конференција.

# АНАЛИЗА НА ДОБИЕНИТЕ НАОДИ

Во рамките на презентираната методологија беа добиени повеќе квантитативни и квалитативни наоди, преку кои во продолжение се обезбедува појасна слика за тоа дали, колку и како печатените медиуми ја информирале јавноста за споменатите прес-конференции на опозицијата. Во рамките на примерокот согласно претходно утврдената методологија влегоа вкупно 157 објави кои известуваа или беа поврзани со прес-конференциите на опозицијата.

## КВАНТИТАТИВНИ НАОДИ

За да се утврди медиумската покриеност, односно застапеноста на вестите кои се однесуваат на прес-конференциите на опозицијата, беше следен бројот на објави, бројот на насловните страници, како и застапеноста на фотографиите.

**Табела 1.** Податоци за објави по весници

| | Бр. На објави | Бр. На објави на насловна страница | Бр. На објави со фотографија |
|---|---|---|---|
| **Дневник** | 27 | 15 | 23 |
| **Утрински** | 35 | 16 | 21 |
| **Нова Македонија** | 32 | 5 | 26 |
| **Вечер** | 8 | 4 | 6 |
| **Слободен печат** | 55 | 25 | 38 |
| **ВКУПНО** | **157** | **65** | **114** |

Од презентираното во табела 1, може да се забележи дека најмногу објави кои се однесуваат на прес-конференциите на опозицијата (55) беа забележани кај дневниот весник Слободен печат, додека најмалку во дневниот весник Вечер (8). Во Дневник беа објавени 28 објави, во Утрински весник 35, додека во

Нова Македонија 32. Во однос на застапеноста на овие објави на насловните страници на весниците повторно Слободен печат имал најмногу објави на насловната страница (25), додека Вечер имал најмалку. Интересно е дека и покрај тоа што Нова Македонија имала 32 објави, само 5 биле објавени на насловната страница. Повторно, најмногу објави со фотографија се забележани кај Слободен печат (38), додека најмалку кај Вечер (6).

За да биде утврдено колкав процент од просторот во весниците бил посветен на прес-конференциите на опозицијата беше мерен и просторот кој го заземаат овие објави. Потоа површината на секоја од овие 157 објави беше споредувана со вкупната плоштина на конкретното издание во тој ден, при што беше извлекуван процент на застапеност во однос на вкупната површина за секоја објава. Овој процент потоа беше групиран во четири групи на застапеност на објавите: а) помалку од 1 процент застапеност во споредба со вкупната површина на весникот; б) помеѓу 1 и 3 проценти застапеност; в) помеѓу 3 и 7 проценти застапеност; и г) повеќе од 7 проценти застапеност. Резултатите од ваквото следење се прикажани во табела број 2.

**Табела 2.** Број на објави по процент на површина од вкупната површина на весникот

| | Помалку од 1 % | Од 1 % до 3 % | Од 3 до 7 % | Повеќе од 7 % | Вкупен број на објави |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дневник** | 9 | 15 | 3 | 0 | 27 |
| **Утрински** | 6 | 28 | 1 | 0 | 35 |
| **Нова Македонија** | 22 | 6 | 4 | 0 | 32 |
| **Вечер** | 2 | 4 | 2 | 0 | 8 |
| **Слободен печат** | 20 | 13 | 11 | 11 | 55 |
| **ВКУПНО** | **59** | **66** | **21** | **11** | **157** |

Може да се забележи дека најголем дел од објавите (66) опфатиле простор помеѓу 1 и 3% од вкупниот простор на весниците во деновите кога имало објави. Значаен бројна објави (59) опфатиле простор помал од 1 % од вкупниот простор, додека само една петтина од објавите (32) опфатиле простор поголем од три проценти.

Од споредбата на петте весници и нивните практики во издвоју-вањето простор за објави може да се забележат неколку значај-ни податоци. Имено повеќе од две третини од објавите на Нова Македонија за прес-конференциите на опозицијата опфатиле простор помал од 1 процент, додека кај Дневник застапеност помала од еден процент имало кај една третина од објавите, а повеќе од половина од објавите биле застапени помеѓу 1 и 3 проценти. Исто така, најголем дел на објавите на Утрински весник (80%) биле застапени помеѓу 1 и 3 проценти. Слободен печат како весник со најмногу објави има релативно рамномер-на застапеност на објавите, при што иако најголем број од обја-вите биле помали од еден процент од целото издание, сепак тој е единствениот весник чиишто објави опфаќале и повеќе од 7% од вкупната површина на весникот.

**Табела 3.**
Број на објави по прес-конференции

| | Дневник | Утрински | Нова Македонија | Вечер | Слободен печат | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бомба 1** „Докази за прислушкување“ 09.02.2015 | 8 | 12 | 8 | 1 | 17 | **46** |
| **Бомба 7** „Изборни измами“ 06.03.2015 | 6 | 5 | 3 | 1 | 11 | **26** |
| **Бомба 8** „Универзална сала - изборни измами“ 10.03.2015 | 1 | 6 | 3 | 2 | 9 | **21** |
| **Бомба 9** „Општина Центар“ 12.03.2015 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | **7** |
| **Бомба 12** „Правосудство“ 19.03.2015 | 1 | 2 | 2 | 1 | 5 | **11** |
| **Бомба 14** „Тендери за автопат“ 26.03.2015 | 1 | 3 | 2 | 0 | 2 | **8** |
| **Бомба 15** „Опрема за прислушкување“ 01.04.2015 | 5 | 2 | 5 | 2 | 4 | **18** |
| **Бомба 21** „Охрид“ 16.04.2015 | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 | **6** |
| **Бомба 24** „Врски со медиумите“ 22.04.2015 | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 | **6** |
| **Бомба 25** „Случај Визарис и Сопот“ 23.04.2015 | 1 | 2 | 3 | 0 | 2 | **8** |
| **ВКУПЕН БРОЈ НА ОБЈАВИ** | **27** | **35** | **32** | **8** | **55** | **157** |

**Поголем број на објави може да се забележат и кај прес-конференциите на кои опозицијата објавуваше телефонски разговори за наводни злоупотреби на изборниот процес. Понатаму, забележителен е тренд на намалување на медиумското внимание и опаѓање на интересот за прес-конференциите.**

Како што може да се забележи од табела 2, најголемо медиумско внимание било посветено на првата прес-конференција, кога опоцизијата тврдеше дека има докази за нелегално прислушкување од страна на власта. Исто така, поголем број на објави може да се забележат и кај прес-конференциите на кои опозицијата објавуваше телефонски разговори за наводни злоупотреби на изборниот процес, односно прес-конференцијата бр. 7 и бр. 8. Понатаму, забележителен е тренд на намалување на медиумското внимание и опаѓање на интересот за прес-конференциите.

Од бројот на објави може да се забележи и одредена селективност во известувањето во зависност од темата на известувањето. Така на пример весникот Вечер воопшто не објавил никаква информација за четири од анализираните десет прес-конференции, додека за три други прес-конференции имал само по една објава. Исто така, интересно е што прес-конференцијата бр.14 „Тендери за автопат“ од 26.03.2015 во која опозицијата обвинуваше за директна корупција кај функционерите на власта, односно за земање милионска провизија од кинеската фирма за изградба на автопати, е застапена со само 8 објави. Конечно, најмал број на објави е забележан за прес-конференциите бр. 21 и бр. 24, кои се однесуваа на наводни изборни злоупотреби и насилство во општина Охрид и директно влијание на владејачката структура со одредени медиуми.

## КВАЛИТАТИВНИ НАОДИ

Во рамките на квалитативната анализа беа следени неколку параметри за утврдување на професионалното и етичкото известување на селектираните прес-конференции. Беше следено дали во објавите се правело разлика помеѓу пренесените факти и изнесените мислења, дали известувањето било точно и непристрасно, односно дали текстовите биле потпишувани.

**Табела 4.** Преглед на квалитативни параметри за почитување минимум стандарди

| | Вкупно објави | Неправење јасна разлика меѓу изнесените факти и мислења | Пристрасност | Неточност на информацијата | Непотпишани текстови |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дневник** | 27 | 2 | 9 | 3 | 11 |
| **Утрински** | 35 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| **Нова Македонија** | 32 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| **Вечер** | 8 | 7 | 7 | 6 | 6 |
| **Слободен печат** | 55 | 0 | 0 | 0 | 42 |
| **ВКУПНО** | **157** | **10** | **16** | **9** | **69** |

Од табела 4 може да се забележи дека пристрасност во известувањето била забележана во 16 случаи. Во однос на вкупниот број на објави по весници, пристрасноста беше во објавите на Вечер каде што е забележана во 7 од вкупно 8 случаи, како и во објавите на Дневник, во 9 од вкупно 27 случаи. Кај овие два весници исто така се забележува и нагласено непочитување на претходно наведените стандарди за етичко и професионално известување. Така, на пример, во Вечер во 7 од 8 објавени текстови не се правело разлика меѓу фактите и мислењата, додека во 6 случаи биле изнесени неточни информации и 6 текстови биле непотпишани. Во Дневник на двапати не се правело разлика меѓу фактите и мислењата, додека во три случаи биле изнесени неточни информации. Забележани се и 11 непотпишани текстови. Како весници кај кои е забележано поголемо почитување на стандардите за етичко и професионално известување, се издвојуваат Утрински весник, Нова Македонија и Слободен печат. Пристрасност не беше забележана во ниту една објава на Утрински весник и на Нова Македонија. Најголемо почитување на стандардите за етичко и професионално известување, со исклучок на најголемиот број непотпишани текстови, е забележано во објавите на Слободен печат. Во овие објави постои јасна линија помеѓу фактите и мислењата и во ниеден случај не е забележана пристрасност, ниту пак пренесување неточни информации.

# ПОЕДИНЕЧНА АНАЛИЗА ПО ВЕСНИЦИ

## ДНЕВНИК

Дневник објавил 27 објави со кои биле опфатени сите прес-конференциите на опозицијата. При анализа на овие објави се забележува само делумно известување за содржината на прес–конференциите. И покрај тоа што било известено за секоја од десетте селектирани прес-конференции, често се забележува недостаток на почитувањето минимални стандарди при известувањето. Притоа пристрасност е забележана во една третина од објавите, додека во 11 случаи објавите биле непотпишани. Пример за ваквата практика е текстот со наслов *„Терор и сеење страв: сите ве имам на снимка“* од 11.02.2015 која се однесуваа на првата прес-конференција „Докази за прислушкување“, по што непотпишаниот автор на текстот дава свое пристрасно мислење кое ги извртува фактите при што очигледен е обидот да се одвлече вниманието на читателот од суштината на прес-конференцијата. Од анализираното, може да се забележи дека читателот на Дневник често не можел да добие целосно јасна информација за содржината на прес-конференциите, туку напротив, неговото внимание било насочувано кон прашања кои не се дел од содржината на прес-конференциите.

Читателот на Дневник често не можел да добие целосно јасна информација за содржината на прес-конференциите, туку напротив, неговото внимание било насочувано кон прашања кои не се дел од содржината на прес-конференциите.

## УТРИНСКИ ВЕСНИК

Во Утрински весник имало 35 објави со кои биле опфатени сите прес-конференции кои се предмет на оваа анализа. Од анализираните случаи и обработката на податоците може да се заклучи дека овој медиум ги почитувал професионалните стандарди за непристрасно известување за што укажува податокот дека

во ниту една објава не била утврдена пристрасност и секогаш презентираните информации биле точни. Оттука, може да се заклучи дека овој весник известувал коректно и давал избалансирана слика, при што читателот можел солидно да се информира за содржината на прес-конференциите. Сепак, надвор од поставените параметри за следење, забележително е дека содржината на прес-конференциите, и покрај сериозните наводи за постоење корупција, не секогаш била третирана како „вест на денот“.

Утрински весник известувал коректно и давал избалансирана слика, при што читателот можел солидно да се информира за содржината на прес-конференциите.

## НОВА МАКЕДОНИЈА

Во Нова Македонија имало 32 објави со кои биле опфатени сите десет прес-конференции предмет на оваа анализа. Од друга страна, само пет текстови биле ставени на насловната страница при што истите се однесувале само на две прес-конференции - Бомба 1: Докази за прислушкување од 09.02.2015; и Бомба 8: Универзална сала – изборни измами од 10.03.2015. Карактеристично за Нова Македонија е и тоа што дури две третини од текстовите опфатиле простор помал од еден процент од вкупната површина на весникот. Овие два наоди укажуваат дека и покрај тоа што имало 32 објави, за најголем дел од нив била одвоена мала површина која не секогаш кореспондира со сериозноста на наводите презентирани во прес-конференциите. Од друга страна, гледано од перспектива на квалитативните параметри, може да се забележи дека биле почитувани минималните новинарски стандарди. Може да се заклучи дека читателот на Нова Македонија имал можност квалитетно да се информира за содржината на прес-конференциите. Сепак фрла сенка фактот што и покрај сериозноста на изнесените наводи за злоупотреба на власта, истите не добиле позначајно место и простор на страниците на овој весник.

Читателот на Нова Македонија имал можност квалитетно да се информира за содржината на прес-конференциите.

## ВЕЧЕР

Весникот Вечер имал само осум објави поврзани со прес-конференциите на опозицијата. Притоа четири од десетте селектирани прес-конференции воопшто не биле ниту спомената на страниците од овој весник. Освен тоа, и покрај малиот бројна објавени текстови, речиси сите биле тенденциозни и пристрасни и не ги задоволувале ниту минималните критериуми за професионално и етичко известување. Од спроведената анализа може да се забележи дека текстовите во коишто се споменуваат прес-конференциите речиси и да не објавуваат ништо од нивната содржина, ниту пак ги пренесуваат тврдењата на опозицијата за корупција и злоупотреба на власта. Наспроти тоа, во текстовите не се прави разлика меѓу фактите и мислењата: фактите се извртени и селективно претставени, а мислењата се пристрасни и целосно фокусирани на дискредитација на опозицијата. Изобилуваат текстови во кои се изнесени невистинити и непроверени информации, а пример за тоа се насловите *„Бомбата без енергија, Заев продава илузии“* од 12.03.2015 г. и *„Заев одлепил сега нека му е господ на помош“* од 03.04.2015 г. Како резултат на претходно наведеното, може да се заклучи дека читателот на Вечер воопшто не можел да се информира за содржината на прес-конференциите на опозицијата, туку напротив, тенденциозните содржини и изнесените невистини можеле и негативно да влијаат врз неговата информираност.

**Читателот на Вечер воопшто не можел да се информира за содржината на пресконференциите на опозицијата, туку напротив, тенденциозните содржини и изнесените невистини можеле и негативно да влијаат врз неговата информираност.**

## СЛОБОДЕН ПЕЧАТ

Слободен печат има најголем бројна објави поврзани со пресконференциите на опозицијата. Забележително е дека основните новинарски стандарди биле речиси во целост почитувани, иако пак најголем дел текстовите (76%) биле непотпишани. Карактеристично е што повеќето објави се во форма на вест каде што најголем фокус е ставен на директно пренесување на содржината од пресконференциите. Коментарите се јавуваат во помал број, па оттука помал е и просторот за евентуална при-

страсност или непрофесионалност во известувањето. Слободен печат е единствениот од анализираните печатени медиуми кои објавувал и транскрипти од објавените телефонски разговори. Како забелешка, може да се наведе и тоа што при пренесување на прес-конференциите не секогаш е пренесен ставот на другите засегнати страни.Од погореизнесеното, може да се заклучи дека читателот на Слободен печат можел најдобро да се информира за содржината на прес-конференциите.

**Слободен печат е единствениот од анализираните печатени медиуми кои објавувал и транскрипти од објавените телефонски разговори.**

# ЗАКЛУЧОЦИ

Целта на овој приказ беше да се даде осврт на тоа како печатените медиуми на македонски јазик известуваат за случаите каде што постојат индиции за постоење корупција и коруптивно однесување во највисоките ешалони на власта. За остварување на ова цел, беше следено **дали, колку и како** медиумите јаинформира јавноста за содржината на прес-конференциите на опозицијата на кои во текот на 2015 г. беа презентирани сериозни индиции за корупција. Како одговор на ова истражувачко прашање може да се наведат неколку главни заключоци.

А) **Има значајни разлики во застапеноста на објавите.** Додека Слободен печат имал дури 55 објави за десет од селектираните „бомби“ на опозицијата, Вечер имал само 8 објави. Утрински весник имал 35 објави, Нова Македонија 32 а Дневник 27 објави. Притоа постојат значајни разлики и во определниот простор за објавите: две третини од објавите на Нова Македонија опфаќале помалку од еден процент од вкупната површина на весникот, додека најголем дел од објавите на Утрински весник (80%) опфаќале меѓу еден и три проценти од вкупната површина на весникот.

Б) **Постои селективност во известувањето за поединечни случаи.** Додека дел од селектираните прес-конференции биле пренесени со поголем број наобјави, најмало внимание било посветено на прес-конференциите на кои најексплицитно биле презентирани разговори на највисоки функционери на власта за кои опозицијата тврдела дека се однесуваат на земање провизија при местење тендери, предизборни притисоци и насилство, како и корупција во медиумите. Исто така, вредно е да се истакне фактот што Вечер не објавил никаква вест за дури четири од селектираните десет прес-конференции.

Има значајни разлики во застапеноста на објавите.

Постои селективност во известувањето за поединечни случаи.

В) **Постои непочитување на основните стандарди за професионално и етичко известување.** Забележано е пристрасно известување во речиси сите објави на Вечер и во две третини од објавите на Дневник. За разлика од нив, почитување на стандардите за етичко и професионално известување се забележува кај Утрински весник и кај Нова Македонија и кај Слободен печат.

Постои непочитување на основните стандарди за професионално и етичко известување.

Навраќајќи се на првичната дилема дали македонските медиуми преку своето информирање го штитат јавниот интерес, резултатите на оваа анализа укажуваат дека одредени медиуми со своето селективно и непрофесионално известување го занемариле јавниот интерес и недоволно ја информирале јавноста. Ваквата уредувачка политика, односно неизвестување и непрофесионалното известување за сериозните индиции за корупција на високо ниво, освен што е спротивна на јавниот интерес, укажува и на одредени ризици од корупција во самите медиуми.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Апостолов, В. (2015). Систематска корупција во македонските медиуми. Во Апостолов, В. ет ал, Студија на случај: Медиуми, газди, новинари и работнички права. Самостоен Синдикат на новинарите на Република Македонија.

Гоцевски, Д., Илиевска, Ф. (2015). Деконструирање на концептот на јавен интерес во Република Македонија: (Зло)употреба во име на граѓаните. Институт за комуникациски студии.

Европска комисија (2014). Извештај за напредокот: Република Македонија. Достапно на: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf

Европска комисија (2015). Извештај за Република Македонија. Достапно на: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf

Ahrend, R. (2002). “Press Freedom, Human Capital and Corruption.” DELTA Working Paper Series No. 2002–11, Delta, Paris, February.

Barkin, S.M. (2002). American television news: The media market place and the public interest. Armonk NY:M.E.Sharpe.

BBC (2016). Editorial Guidelines.http://www.bbc.co.uk/editorialguidelines/

Brunetti, A. & Beatrice W. (2003). “A Free Press Is Bad News for Corruption.” Journal of Public Economics 87:1801–24.

Camaj, L. (2012). The Media’s Role in Fighting Corruption: Media Effects on Governmental Accountability. The International Journal of Press/Politics XX(X) 1–22.

Chowdhury, S. K. (2004). “The Effect of Democracy and Free Press on Corruption: An Empirical Test.” Economic Letters 85 (1): 93–101.

Di Tella, R, Franceschelli, I. (2011) Government Advertising and Media Coverage of Corruption Scandals. American Economic Journal: Applied Economics 3: 119–151.

Freedom House (2015). Macedonia – Freedom of the Press. Достапно на: https://freedomhouse.org/report/freedom-press/2015/macedonia

Karklins, R (2002). Typology of Post-Socialist Corruption. Problems of Post-Communism, vol. 49, no. 4, pp. 22–32

Karklins, R (2005). The System Made Me Do it: Corruption in Post-communist Societies. M.E. Sharpe, Inc.

Lucy, K. (2013) The role of print media in the fight against corruption. A content analysis of the Nation Newspaper coverage of corruption related stories.

Macnamara, J. (2005). Media content analysis: Its uses, benefits and Best Practice Methodology. Asia Pacific Public Relations Journal, 6(1), 1– 34

Mungiu-Pippidi, A. (2006). Corruption: Diagnosis and Treatment. Journal of Democracy, Volume 17, Number 3, 86-99.

Mungiu-Pippidi, A. (2013). Controlling Corruption through Collective Action. Journal of Democracy 24, 101–115.

OSCE/ODIHR (2012). Handbook on Media Monitoring for Election Observation Missions. OSCE Office for Democratic Institutions. Достапно на: http://www.osce.org/odihr/92057?download=true

Reporters without Borders (2015). World Press Freedom Index. Достапно на: http://index.rsf.org/#!/

Rose-Ackerman S., (2008). Corruption and Government. International Peacekeeping, Volume 15 - Issue 3, 328-343.

Stapenhurst, R. (2000). The Media’s Role in Curbing Corruption. Washington, D.C.: The World Bank Institute.

# ПРОФИЛ НА АВТОРИТЕ

**БОРЈАНЃУЗЕЛОВ** е политиколог, магистер по европски студии. Главното поле на интерес му е демократизацијата на постсоцијалистичките општества и доброто владеење. Автор е на неколку трудови од областа на социјалниот капитал, неформалните практики и антикорупцијата.

**АНГЕЛ АРНАУДОВ** е дипломиран политиколог на Правниот факултет „Јустиниан Први“ во Скопје. Во моментот е магистрант по балкански студии на Тракискиот универзитет во Едрене, Турција. Има работено на медиумски анализи за известување на изборни процеси и сива економија.